Друштво за производство,промет и услуги
РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 803-110/1
17.07 20 18 год.
СКОПЈЕ
штембил

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- Генерален секретаријат –
бр.4606-6925/___ од 16-07.2018 година
Скопје

**„РЕПРО ПРИНТ" ДООЕЛ**

# Д О Г О В О Р

**Скопје, Јули 2018 година**

# ДОГОВОР

**за извршување услуги-објавување на огласи**

Склучен на __________.2018 година, меѓу:

1. **Влада на Република Македонија-Генерален секретаријат**, со седиште на бул.„Илинден“ бр. 2, 1000 Скопје, претставувана и застапувана од **д-р Драги Рашковски**, Генерален секретар, во понатамошниот текст: **Нарачател**, и

2. **„РЕПРО ПРИНТ“ ДООЕЛ – Скопје,** со седиште на бул. „Јуриј Гагарин“ бр.15, 1000 Скопје, претставувано и застапувано од **Ратко Лазаревски,** Управител во понатамошниот текст: **Извршител**.

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Договор се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни за вршење на услугите – објавување на огласи за потребите на нарачателот.
Услугите од став 1 од овој член се ослободени од примена на Законот за јавни набавки , согласно член 8, став 1, алинеја 2 („Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11 и 15/13, 148/13, 28/14, 43/14, 130/14 180/14, 78/2015 и 192/2015, 27/2016, 120/2016 и 165/2017).

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на договорот е извршување на услуги– објавување на огласи во дневниот весник **„Нова Македонија“,** на цела (1/1), пола (1/2) , четвртина (1/4) и осмина (1/8) страна, во црно - бела и колор техника согласно потребите на Нарачателот.

## III. ЦЕНА НА УСЛУГАТА

**Член 3**

Единичната цена, за извршување на услугите од член 2, согласно потребите на нарачателот, изразени во денари за дневен весник одделно изнесуваат:
**„Нова Македонија“**

| Објава на | Единечна цена без ДДВ (во денари) | ДДВ | Единечна цена со ДДВ (во денари) |
|---|---|---|---|
| Цела страна во боја | 26.384 | 4.749 | 31.133 |
| Пола страна во боја | 15.191 | 2.734 | 17.925 |
| Четвртина страна во боја | 9.194 | 1.655 | 10.849 |
| Осмина страна во боја | 4.231 | 762 | 4.993 |
| Цела страна црно-бело | 19.588 | 3.526 | 23.114 |
| Пола страна црно-бело | 11.193 | 2.015 | 13.208 |
| Четвртина страна црно-бело | 6.796 | 1.223 | 8.019 |
| Осмина страна црно-бело | 3.702 | 666 | 4.368 |

**Член 4**

Вкупната вредност на услугите предмет на овој Договор ќе биде во зависност од обемот на извршените услуги, согласно потребите и нарачките (барањата за објавување оглас) поднесени и добиени исклучиво во писмена форма од страна на Нарачателот.

## IV. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Договорот е со период на важност од 12 (дванаесет месеци) сметано од датумот на склучување на договорот.

Единечните цени утврдени во член 3 од овој Договор остануваат непроменети за време на периодот на важност.

## V. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 6**

Договорните страни се согласни плаќањето за извршените услуги да се врши вирмански по доставепа фактура, во архивата на Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат (бул.„Илинден“ бр 2), во рок од 60 (шеесет) дена, сметано од првиот нареден ден од приемот на фактурата.

## VI. ОБВРСКИ НА ИЗВРШИТЕЛОТ

**Член 7**

Извршителот се обврзува услугите– предмет на договорот, да ги извршува на следниот начин:

- да се придржува и постапува согласно барањата на Договорниот орган;
- со фактурата задолжително да доставува, доказ за објава и копија од барањето за објава;
- да ги обезбеди потребните услови за успешно и квалитетно и навремено извршување на предметната услуга - објавата.

## VII. ОБВРСКИ НА НАРАЧАТЕЛОТ

**Член 8**

Нарачателот се обврзува да изврши исплата на фактурираниот износ од страна на Извршителот(согласно цените утврдени во член 3 ) на начин и рок утврдени во член 6 од овој Договор.

## VIII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

Измени и дополнувања на Договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, со Анекс–Договор потпишан од овластените претставници на договорните страни.

**Член 10**

Во случај на спор договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а во спротивно истиот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 11**

Договорот е составен во 4(четири) еднообразни примероци, од кои по 2(два) за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **„РЕПРО ПРИНТ“ ДООЕЛ** | **ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ** |
| **Ратко Лазаревски,** Управител | **д-р Драги Рашковски,** Генерален секретар |

Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

*Подготвил: Далибор Алешковиќ*

*Контролирал: Анета Стевковска*